**ЗАКЛУЧОК**

Координативното тело за следење на почитувањето на Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми, на 31 октомври 2025 година расправаше за Претставката поднесена од Коалицијата Влен против медиумот „Трилинг" за текстот објавен на неговата интернет страница „Трилинг.мк" со наслов „Мерко во Струга ќе ги поддржи ВЛЕН наместо ДУИ: Се испазарил за амнестија и за влез во Влада?!"

Коалицијата Влен во претставката наведува дека „во текстот се изнесени тврдења за наводен политички пазар, амнестија и „купување слобода" меѓу функционери на Владата и локални политички актери, при што без докази, документи или официјални извори се поврзува движењето Влен со криминални структури и корупциски зделки", со што, како што е наведено, се прекршува Кодексот на новинари, се шират дезинформации и се нарушува правото на Влен за еднаков и фер медиумски третман во предизборен период.

Координативното тело во предвидениот рок ја испрати претставката до Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), а врз основа на добиеното мислење го усвои следниот заклучок:

Во текстот со наслов „Мерко во Струга ќе ги поддржи ВЛЕН наместо ДУИ: Се испазарил за амнестија и за влез во Влада?!", објавен на 26.10.2025, се нарушени член 1 и член 13 од Кодексот на новинарите на Македонија.

Текстот содржи тврдења без да се наведе кредибилен извор, медиумот не посочува дека се обратил до Рамиз Мерко, актуелниот градоначалник на Струга, ниту пак до Коалицијата Влен - како засегнати страни, прекршувајќи го основното правило во новинарството за објавување точни и проверени информации:

*Член 1: Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.*

Прекршувањето на член 13 од Кодексот на новинарите, Комисијата за жалби при СЕММ го идентификуваше во реченицата „Поддршката од неговата криминална мрежа може да биде клучна за исходот на изборите во Струга, каде разликата помеѓу водечките кандидати е мала".

*Член 13: Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот.*

Координативното тело и во оваа прилика апелира медиумите со внимателност да известуваат за изборните активности, почитувајќи ги етичките правила содржани во Кодексот на новинари на Македонија и во Насоките за етичко известување на онлајн медиумите, што подразбира и објавување демант или исправка.

Скопје,
31.10.2025 година

**Координативно тело**
**за следење на почитувањето на начелата и стандардите од Кодексот**

**Билјана Георгиевска**
**Координаторка**

CamScanner